НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

ДО: ПРОФ. Д-Р ВЕСНА ЈАНЕВСКА, МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# БАРАЊА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД И ПОДИГНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Почитувана министерке,

Националното студентско тело, тело претставник на сите студенти во државата, до Министерството за образование и наука ги поднесува следните барања како дел од потпишаната Резолуција на студентскиот форум (09.03.2024) и Студентскиот манифест афирмиран од најголемите политички ентитети во земјата (11.03.2024) за подигнување на студентскиот стандард и унапредување на квалитетот во високото образование. Барањата ќе бидат групирани согласно структурата на Студентскиот Манифест, дополнети со потпишаната Резолуција и дополнителни предлози.

Следуваат Барањата во продолжение:

## 1.БЕСПЛАТНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

- Согласно праксата во регионот, со цел подобрување на целокупната конкурентност на земјата, бараме да се воведе нов систем на финансирање на високото образование со што истото да биде бесплатно за студентите на прв циклус студии.
- Владата во соработка со Министерството за образование и наука, Министерството за финансии и членовите на Интеруниверзитетската конференција (вклучувајќи ги и студентите) ќе работат на изготвување на стратешки документ кој ќе овозможи нов систем на финансирање на високото образование согласно праксата во регионот.

## 2. КВАЛИТЕТ НАСПРОТИ КВАНТИТЕТ

- Сеопфатна евалуација на постоечките студиски програми на универзитетите и преиспитување на потребата од постоењето на истите.
- Вложување на финасиски и ифраструктурни средства во наставната и научноистражувачката работа и вработувања на млад кадар во истражувачкиот процес на универзитетите.

- Интердисциплинарноста е носител на реформаторската визија за високото образование на иднината. Од тука, како фундаментална се јавува потребата за академска заедница која нуди иновативни студиски програми со заедничка (joint) диплома и двојна (double) диплома. Истите, треба се понудени на три нивоа: во самите едници на секој универзитет, во универзитетите на национално ниво и во универзитетите на регионално и меѓународно ниво. Научноистражувачката работа мора да ги вклучува студентите уште во додипломскиот циклус и истата да биде интегриран дел од студиските програми и да биде насочена кон решавање на суштинските предизвици и проблеми со кои се соочува општеството.

- Обезбедување на соодветни материјални, инфраструктурни и кадровски услови за непречено одвивање на воспитно-образовната работа и научно-истражувачката работа.

- Преку измена на законите да се овозможи редовните студенти да стапат во редовен работен однос со скратено работно време и да добијат трудова заштита и можност за заработка на дополнителни средства за време на нивното студирање. Исто така, да се овозможи ослободување од данок на доход за студентите кои се во работен однос.

## 3. НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

- Финансирање на Националното студентско тело:
- Правна помош при добивање на правен статус;
- Обезбедување на простор за работа на телото;

## 4. СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

### 4.1 БЕСКАМАТНИ СТУДЕНТСКИ КРЕДИТИ

- Преку соработка со банкарскиот сектор, воведување бескаматни студентски кредити за сите студенти на државните универзитети, а кои ќе бидат обврзани да ги враќаат на рати - почнувајќи со исплата три месеци по првото вработување (доколку дипломецот сака да замине од земјава пред да го исплати кредитот, би бил обврзан веднаш и во целост да го врати целиот износ).

## 4.2 СТУДЕНТСКО СМЕСТУВАЊЕ

- Промена на начинот на финансирање преку раст на дотациите на МОН по единица студент во студентските домови за да се подобри квалитетот на условите за живот, а посебно на храната
- Согласно тековната состојба, субвенционирање на студентското сместување за оние студенти кои аплцирале за истото, но не се во можност да добијат студентско легло поради недостаток на места за сместување причинет од реконструкцијата на студентските домови.
- Ограничување на висина на кириите за домување во универзитетските градови согласно регионална пракса;
- Разгледување на можноста за формирање на јавно-приватни студентски домови со цел попристапно студентско сместување;
- Почитување на роковите за реконструкција на деветте студентски дома, согласно проектот потпишан помеѓу МОН и Германската развојна банка.

## 4.3 СТУДЕНТСКИ СТИПЕНДИИ

- Зголемување на износот на стипендии согласно растот на индексот на трошоците за живот;
- Зголемување на бројот на стипендии за втор и трет циклус на студии и воведување на нови стипендии за сите студиски програми на втор и трет циклус;
- Почитување на роковите за исплата на месечните/тримесечните стипендии на студентите од сите категории;

## 4.4 СТУДЕНТСКИ ОБРОК

- Измени во Законот во делот услови за аплцирање: студентите во редовен работен однос со висина на примања до просечната плата во републиката, студентите основачи и студентите на втор циклус на студии да се здобијат со можност за користење на мерката;
- Раст на сумата согласно растот на трошоците за живот;

## 4.5 СТУДЕНТСКИ ПРЕВОЗ

- Бесплатен градски превоз за сите студенти во универзитетските градови;
- Продолжување на мерката ваучери за меѓуградски превоз;

## 4.6 КУЛТУРНО-ЗАБАВЕН И СПОРТСКИ ЖИВОТ

- Секој универзитет да располага со свој студентски културен центар кој ќе ги поддржува и промовира локалната и авангардна, музичка, уметничка и театарска сцена кои имаат за цел да донесат свежи перспективи во студентскиот културен живот;

- Организирање на спортски активности со цел подобрување на физичкото и ментално здравје на студентите во современи установи. Поставување на фитнес станици околу или на секој универзитет и студентски дом;

## 5. ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

Изготвување на стратегија за привлекување на поголем број на странски студенти која ќе вклучи:

- Поедноставување на сите административни процедури поврзани со прием на странски студенти во земјата;

- Склучување на повеќе билатерални и меѓународни договори со цел странски студенти да се запишуваат на студиските програми во земјата;

- Еднакви услови, права и обврски за домашните и странските студенти;

- Студиски програми согласно европската пракса и Болоњскиот процес;

- Развивање на глобални алумни мрежи за студентите кои студирале во земјата или странство;

- Обмислување на проекти за мобилност кои овозможуваат размена на странски студенти со македонско потекло со цел создавање на здрави врски со културата и јазикот;

## 6. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

- **Почитување на зададените рокови согласно акцискиот план на Националната стратегија за млади 2023-2027, каде е предвидена ЦЕЛОСНА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА на административните процеси во сите високообразовни институции.**

## 7. АВТОНОМИЈА

- **Остварување на реална кадровска и финансиска автономија на државните универзитети. Поголема автономија за универзитетите и нивните единици во процесот на создавање на студиски програми.**

# НАЦИОНАЛНО СТУДЕНТСКО ТЕЛО

Почитувана Министерке,

Се обраќаме со длабока верба и надеж дека Вашето лидерство и визија за образованието ќе придонесат кон значајни промени кои ќе го унапредат студентскиот стандард и квалитетот на високото образование во нашата земја. Ние, како Национално студентско тело, веруваме дека прифаќањето на нашите барања ќе постави темели за иднината на нашите млади генерации, овозможувајќи им да се развиваат како компетентни, креативни и успешни граѓани на ова општество.

Нашите барања се родени од потребата да создадеме средина каде што секој студент ќе има еднаков пристап до образование без финансиски бариери, а високото образование ќе биде место на квалитет, иновација и вистинска академска слобода. Воведувањето бесплатно образование за прв циклус студии ќе ги мотивира младите да вложуваат во својата иднина, без да се соочуваат со тешки финансиски предизвици. Ова е пракса која веќе дава резултати во регионот и има потенцијал да ја зголеми конкурентноста на нашата држава на глобално ниво.

Евалуацијата на студиските програми, насочената поддршка за научно-истражувачката работа и вложувањето во младите кадри ќе го подигнат квалитетот на нашите универзитети и ќе создадат генерации кои се подготвени да се соочат со реалните предизвици на современиот свет. Академската интердисциплинарност и новите студиски програми кои нудат заеднички и двојни дипломи ќе го отворат патот кон поголема соработка, размена на знаење и иновации.

Сите овие иницијативи се насочени кон создавање услови каде што студентите нема да бидат само пасивни приматели на знаење, туку активни учесници во научниот и општествениот развој. Вашата поддршка ќе овозможи нов почеток за студентите, а притоа ќе го зајакне и Националното Студентско Тело, обезбедувајќи простор за нивниот глас и учество во креирањето на образовните политики.

Во оваа критична точка, Вашето решение ќе остави трајно влијание врз идните генерации. Прифаќајќи ги овие барања, не само што ќе вложите во студентите, туку и во целокупната иднина на нашата земја. Ве молиме да го искористите овој момент да ја потврдите Вашата заложба кон младите и да овозможите високо образование кое ќе биде достапно, квалитетно и во служба на сите граѓани.

Со почит и верба во Вашето водство,

Александар Николовски
Претседавач на Националното студентско тело